# ЗАПИСНИК
## од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 22.07.2021 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот Дневен ред објасни дека во доставените материјали за седницата под Разно се наоѓа точка со наслов: Предлог-одлука за поведување постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија. Во таа насока предложи тој материјал да се разгледува под Точка 10, и точката Разно да се помести за еден број подолу и да биде Точка 11.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот коригиран:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.07.2021 година.
2. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма бр.01-5976/1 од 04.12.2014 година.
3. Предлог за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје за прекршување на член 143 од ЗАВМУ.
4. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година.

5. Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
6. Предлог за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Фиксна телефонија.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2021.
10. Предлог-одлука за поведување постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.07.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма бр.01-5976/1 од 04.12.2014 година. Објасни дека на седницата која Советот ја одржа на 18 мај оваа година, се усвои Нацрт верзија на овој правилник. Потребата за изготвување на измените на овој правилник беа заради законски измени направени во декември 2018-та година кои што донесоа суштински промени поврзани со Правилникот. По усвојувањето на Нацрт-правилникот беше отворена јавна расправа од 30 дена која заврши на 17 јуни. Во периодот на расправата не пристигнаа забелешки и коментари во однос на Нацрт-правилникот. Оттаму се предлага Советот да го усвои предложениот правилник, кој потоа ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk), и ќе се достави до сите радиодифузери како пречистен текст. Посочи дека во доставените материјали по точката е понуден и пречистен текст на Правилникот, бидејќи има многу измени, и се со цел да се увиди како финално би изгледал документот.

Г-дин Фиданоски праша дали ова е оној Правилник кога се усвоија законските измени што требаше да го усвои новиот состав на Советот кој сè уште не е изгласан и од тие причини сегашниот состав на Советот мора да го усвои, од практични причини за да не се остане без подзаконски акт?

Раководителката Јаневска одговори дека г-дин Фиданоски е во право и од тие причини се подготви Правилник за измена и дополнување. Инаку, според обемот на измени можеше да биде направен и нов правилник доколку немаше законска пречка.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведениот правилник да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk), и да го достави до сите радиодифузери како пречистен текст.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје за прекршување на член 143 од ЗАВМУ. Објасни дека наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа иако има законска обврска веќе подолг период, и минатата година исто така, не ги реемитува каналите „МРТ 2", „МРТ 3", „МРТ 4" и „МРТ 5". Со тоа во континуитет му се изрекуваат мерки како јавна опомена и поведување на прекршочна постапка во зависност од тоа кој пат го сторил прекршокот. Но, бидејќи веќе му е изречена мерка јавна опомена, сега согласно Законот се предлага да му се изрече мерка покренување прекршочна постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека не може да го разбере операторот зошто самиот се доведува во оваа состојба, но рече дека тоа е негово право на избор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.11-2685/1 од 13.07.2021 година на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 143 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2", „МРТ 3", „МРТ 4" и „МРТ 5" што е спротивно на член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година. Објасни, како што најавил и на претходната седница дека треба да се направи ребаланс со цел да се обезбедат средства за исплата на надоместокот за члeновите на Советот и дополнително Агенцијата има потреба од зголемување на средства за одржување на противпожарната – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и

зголемување на средства за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација. Тоа се ставките кои треба да се коригираат и со предложениот ребаланс вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 125.317.233,00 денари а средствата само се пренаменуваат од една во друга ставка.

Г-дин Петрушевски рече дека сега средствата за надоместокот за членовите на Советот се помали бидејќи еден колега замина, односно излезе од Советот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

Со предложениот ребаланс вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 125.317.233,00 денари.

Со ребалансот се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 5.400.000,00 денари, наменети за:

- зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2021 година во износ од 4.500.000,00 денари;
- зголемување на средства за одржување на противпожарната – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) во износ од 500.000,00 денари и
- зголемување на средства за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација во износ од 400.000,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Трајчевски објасни дека овие две точки заедно се поврзани со Нацрт-извештајот што го достави Државниот завод за ревизија кој до Советот беше доставен во текот на вчерашниот ден. Во периодот додека се правеше ревизија во консултација со ревизорите му било укажано дека овие правилници треба попрецизно да се дефинираат. Сега со овие правилници се овозможува за секое работно место да има најмалку две скалила, а за одредени работни места има 3 или 4 со што им се овозможува на вработените со зголемување на стажот во Агенцијата и зголемување на нивните знаења и вештини при работењето да можат да напредуваат во рамките на едно работно место како и да се движат на повисоко работно место. Главно се задржува принципот кој важеше до сега дека при вработување или по унапредување во повисоко работно место работникот ја добива најниската плата од погорното работно место а со изминат период и залагање во работата ќе може да напредува во рамките на новото работно место. Исто така објасни дека во еден од правилниците беше наведено дека надоместокот што го добиваат вработените како регрес за годишен одмор изнесуваше 60% од просечно исплатена плата. На тој начин при промена на законите во поглед на процентот мораше постојано да се менува правилникот. Сега се избегна да се стави

процент во правилникот и директно се повикува на Законот. Доколку во иднина има измени на Законот, тие директно ќе се рефлектираат и ќе се спроведуваат без да има потреба со промена на Законот да се менува и Правилникот. Посочи дека измената на овие правилници и спроведување на попис се двете забелешки и препораки што ги даде ревизијата, со тоа што едната се отстранува а втората би била отстранета во јануари следната година кога ќе се спроведе пописот во Агенцијата согласно насоките што ги даде Државниот завод за ревизија.

Г-дин Петрушевски рече дека Агенцијата навистина навремено реагира и тоа паралелно со Нацрт-извештајот. Очигледно е рече дека директорот и службата претходно имале соработка со Државниот завод за ревизија.

Г-дин Трајчевски рече дека Агенцијата го знаеше Извештајот бидејќи го имаше добиено во печатена форма, меѓутоа Државниот завод за ревизија Извештајот до АВМУ го испрати по пошта и истиот патуваше 12-13 дена додека стигне. Агенцијата во меѓувреме ги знаеше забелешките, имаше состанок со нив додека се работеше Извештајот и биле зачудени зошто Извештајот не е пристигнат кога беше укажано дека е пратен. По планираните активности тој требаше да биде стигнат најдоцна до 1 јули, но пристигна пред 2 дена.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно ги донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведените подзаконски акти да ги објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk), и на огласната табла на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за внатрешна организација и работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Горенаведениот подзаконски акт да се објави на огласната табла на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа. Објасни дека оваа набавка е потребна за да се одржат во исправна состојба трите лифта и едната платформа која е инсталирана во зградата во кое е сместено седиштето на Агенцијата. Оваа набавка ќе се спроведе како групна набавка бидејќи лифтовите ги користат и вработените од Агенција за млади и спорт и со тоа ќе се испочитуваат одредбите за групни набавки предвидени во Законот за јавни набавки. Набавката ќе се спроведе за период од 2 години. Според износот за проценетите средства таа ќе биде спроведена како поедноставена отворена постапка, со спроведување на електронска аукција а како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе биде цената. Наведе дека сите податоци се содржани во материјалите по точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа, за период од 2 години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа за период од 2 години, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план за 2022-та година.

**Точка 8**

Г-дин Петрушевски ја најави точката и рече иако фиксната телефонија се помалку се користи сепак има потреба од оваа услуга пред се затоа што можеби некој граѓанин има потреба да се јави во Агенцијата.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Фиксна телефонија. Објасни дека оваа набавка ќе се спроведе за период од 3 години. Според предвидениот износ таа ќе се спроведе како набавка од мала вредност а ќе се додели според критериум најниска цена. Огласот ќе биде објавен на електронскиот систем за јавни набавки.

Г-дин Петрушевски рече видливо е дека влијанието на фиксната телефонија е се помало а тоа може да се забележи и по износот 50.000,00 денари без ДДВ на годишно ниво. Ова се навистина мали пари за цела година за институција со 60-тина вработени.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Фиксна телефонија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Фиксна телефонија е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021

година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2021. Објасни дека АВМУ има законска обврска да ја поттикнува медиумската писменост. Од тие причини одржувањето на Денови на медиумска писменост е предвидена како една од активностите во Програмата за работа на Агенцијата за 2021 година. Со оваа набавка ќе треба да се избере економски оператор кој ќе ги организира овие денови на медиумска писменост. Според износот на средства кој е предвиден ќе биде спроведена како поедноставена отворена постапка, критериум за доделување на договор за јавна набавка е цената а огласот ќе биде објавен на електронскиот систем на јавни набавки и во „Службен весник на Република Северна Македонија“, согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Додаде дека сите потребни податоци кои се од значење за јавната набавка има во доставените материјали по точката.

Г-дин Петрушевски рече дека има повеќе активности не е само организација туку потребно е и кампања да се направи. Насловот можеби треба да биде покомплексен но сепак асоцира дека се работи за денови на медиумска писменост.

Г-дин Фиданоски рече дека за него не е спорен насловот, манифестација, одржување на Денови на медиумска писменост е во ред. Агенцијата има законска обврска и додатно тоа е предвидено и во годишната Програма за работа на Агенцијата. Се надополни на она што го кажа како вовед раководителката Митревска. Во минатото говореле дека е добро да се ангажира надворешен оператор кој што ова по протокол би го организирал и со тоа ќе се ослободи временски простор за да можат вработените од службата повеќе да се фокусираат на содржината на тоа што ќе се сработи како медиумска писменост. Искрено се надева дека ќе има повеќе манифестации, дебати, работилници кои ќе се одржуваат во живо, но тоа се зависи од епидемиолошката состојба поврзана со пандемијата Ковид-19. Се надева дека во периодот кога ќе се одржуваат овие денови нема да претставува пречка за поголемо и позначајно физичко присуство. Во секој случај Агенцијата е лидер на мрежата и верува дека ќе има значаен број на заинтересирани кои што ќе учествуваат на овие денови. Исто така рече дека од оваа учебна година ќе има шанса во образовниот концепт на државата, медиумската писменост да биде воведена како посебен наставен предмет или како делови од повеќе наставни предмети. Се изјасни дека ќе даде поддршка за оваа јавна набавка.

Г-дин Петрушевски рече дека е добро што е предвидена временски да не се преклопува со локалните избори, што значи времето на одржување е флексибилно ставено. Тоа е сосема логично, кога ќе завршат изборите да се одржат деновите на медиумска писменост.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2021.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2021 е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 10**

**Разно**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија. Објасни дека оваа телевизија во мај оваа година спроведе промена на сопственичката структура без претходно да побара одобрение од Агенцијата. Од таа причина Советот и изрече јавна опомена на ТВ НОВА од Гевгелија и при тоа им се побара веднаш да достават документи и податоци од кои ќе може да се провери дали со таа промена се создала недозволена медиумска концентрација или пак не. Откако ги доставиле документите се обратиле до Централен регистар на РСМ и од податоците што ги добиле и сознанијата произлезе дека лицето Ѓорѓе Цундов кој со промената е новиот сопственик на телевизијата, се јавува како сопственик и на трговско радиодифузно друштво НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 - Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од 3 од ЗААВМУ. Од таа причина предлогот е да се покрене постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација па потоа ќе се види што понатаму ќе произлезе како сознание од самата постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека секако ќе има можност да се слушне и другата страна. Претпоставува дека доколку сфатиле дека направиле грешка ќе ја вратат сопственоста како што беше претходно. Советот постапува според Закон и ќе ја поддржи постапката. Сега не се носи конечна одлука и во текот на постапката ќе има време сите овие дилеми да се разјаснат.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија поради тоа што физичкото лице Ѓорѓе Цундов, кое е и сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија се јавува истовремено како сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво НОВА К-12 ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 - Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и што претставува основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност.

Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, во рок од 45 дена од денот на приемот на Одлуката, потребно е да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Бр. 02-2699/12
04.08 2021 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ